РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-166/14

23-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од ------- ----------, адвокат од --------, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 12-4649 од 04.10.2019 година, оформен по пријава за директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, **СЕ ЗАПИРА.**

До Уставниот суд на РСМ доставена е Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Р.М." бр. 198/2014 и 219/2015) и согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на ---------- -------------, адвокат од --------, на ден 04.10.2019 година, поднесена е пријава за директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и оформен е предмет број 12-4649/1 од 04.10.2019 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на постапувањето на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги при формирањето на СИЗ Комитет за мерење на публиката во Република Македонија. Спорно за подносителот е тоа што директорот на Агенцијата дозволил, со издавање на начелна согласност, одредени национални телевизии да го формираат Комитетот, кој самите ќе го управуваат и ќе се регулираат.

Од страна на Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, доставен е на надлежно постапување поднесок од истиот подносител, заведен под број 12-530/1 од 02.02.2021 година, со слични наводи како претходните, поради што овој предмет е споен кон претходно оформениот предмет со бр. 12-4649/1.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со бр. 12-2706/1 и од евиденцијата на Централниот регистар на РСМ прибавена е Тековна состојба за Стопанската интересна заедница Комитет за мерење на публиката во Република Македонија. Од страна на Агенцијата доставен е одговор, во кој хронолошки го појаснува процесот на донесување на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Република Македонија, како најсоодветен начин за исполнување на надлежноста на Агенцијата, за донесување на акт со кој ќе се пропише начинот на мерење на гледаноста и слушаноста. Во прилог кон одговорот, од страна на Агенцијата се доставени следните документи: Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Р.М." бр. 198/2014 и 219/2015), Заклучок од Собрание на Р.М. 08-1862/29 од 15.05.2015 година, Извештај на Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Р.М. бр.23-1871/8 од 07.05.2015 година, Одговор до Уставен суд по поднесена Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Упатството; Решение на Уставен суд У.бр.127/2018 и издвоено мислење, Решение на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за покренување на иницијатива за формирање на Иницијативен одбор за основање на Македонски комитет за мерење на публиката бр.02-6698/1 од 30.12.2014 година и Договор за основање на стопанска интересна заедница.

Од увид во одговорот на Агенцијата и сите доставени документи во прилог, ДКСК утврди дека Стопанската интересна заедница Комитет за мерење на публиката во Република Македонија е формирана врз основа на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Р.М." бр. 198/2014 и 219/2015), кое е донесено од страна на Советот на Агенцијата.

Од анализа на Упатството, во корелација со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредбите на Уставот на РСМ, ДКСК констатираше дека покрај истакнатите основи во претходно поднесената иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Упатството од страна на подносителот, постојат и дополнителни аргументи и на Колегиум одржан на 27.07.2021 година донесе Заклучок за поднесување на Иницијатива до Уставниот суд на РСМ за оценување на уставноста и законитоста на Упатството, во која истите ќе бидат изложени. Иницијативата до Уставниот суд на РСМ е со број 12-166/2 од 29.09.2021 година.

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработиле: И.Б и Ј.Ц.

Да се достави до:
- подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**